**ГРАД СКОПЈЕ**
СЕКТОР ИНСПЕКТОРАТ

Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk.

тел: 02/ 3 297 231
**Наш број:** 22 -21
21.12.2018 год
Скопје
**Ваш број:**

**До**

________

**Предмет:** Информација за превземените мерки од страна на Секторот Инспекторат во однос на состојбата со квалитетот на амбиенталниот воздух

## Инспекција за животна средина

Имајќи го во предвид искуството од претходните години кога во зимскиот период е зачестена појавата на загадување на воздухот, Секторот Инспекторат организираше дежурства во три смени преку повикувачкиот **број 193** на кој што граѓаните можат да ги пријавуваат сите можни загадувачи на животната средина заради превземање на вонредни мерки од страна на овластените инспектори за животна средина, комуналните инспектори и комуналните редари на Град Скопје.

**До сега од страна на граѓаните има вкупно 38 пријави по кои што е веднаш постапено.**

Овластените инспектори за животна средина согласно своите ингеренции превземаа вонредни мерки со цел намалување на истата, при тоа, од вкупниот број на инсталации кои подлежат на издавање на Б интегрирана еколошка дозвола, како и правните субјекти кои согласно дејноста која ја вршат подлежат на елаборат за заштита на животната средина, а се од надлежност на Градот Скопје, направен е акционен план каде што се детектирани сите оние инсталации кои имаат испуст во воздух т.е. се идентификувани како можни загадувачи на амбиенталниот воздух и утврдена е динамиката на нивното инспектирање и вонредно мерење на загадувањето преку акредитираната лабораторија за животна средина *(Лабораторија која има договор за испитување на квалитетот на воздухот, водата и бучавата со Градот Скопје и истата поседува акредитација)*.

Според планот за работа на овластените инспектори за животна средина на Град Скопје, извршени се по 2 редовни контроли на сите 40 инсталации кои подлежат на Б–Интегрирана еколошка дозвола.

Бидејќи се работи за специфичен процес согласно дејноста која ја вршат правните субјекти, како и во зависност од технолошкиот процес на производство Секторот Инспекторат воведе и **сменско работење (дежурства)** кое започнува од 06 часот наутро, како и после полноќ па се до раните утрински часови, како и за време на викендите, сé со цел попрецизно и пореално да се утврди можното загадување на амбиенталниот воздух.

Во месец декември овластените инспектори за животна средина на Град Скопје, извршија **вонредни контролни мерења на 4 инсталации** кои подлежат на Б – Интегрирана дозвола, како и на 4 субјекти кои подлежат на Елаборат за заштита на животната средина. При вонредните контроли на овластените инспектори за животна средина со овластена лабораторија

досега е утврдено **пречекорување на граничните вредности кај 4 инсталации** кои се под надлежност на Град Скопје и истите ќе бидат санкционирани согласно Законот за заштита на животната средина.

## Комунална инспекција

Покрај тоа, согласно со Законот за јавната чистота, комуналните инспектори и комуналните редари на Град Скопје, вршат редовни надзори и контроли на градилиштата во градот Скопје во однос на излегувањето на товарните возила од градилиштата со валкани тркала и покривање на камионите со церади.

Во месец Декември таквите контроли се интензивирани со посебен акцент на централното градско подрачје, но и другите поголеми градилишта во другите општини како и на територијата на  Општина Аеродром каде се сконцетрирани поголемиот број од градилишта. При тоа се контролирани **51 градилиште** и **врачени се 8 казни** и записници за перење на гумите, миење на улиците пред градилиштата и покривање на камионите кои излегуваат од градилиштата со церади.

Во периодот Октомври-Февруари кога има зголемено загадување на воздухот на територијата на Град Скопје се врши секојдневна контрола на градилиштата**.**

Исто така се врши и редовна контрола на депониите кои постојат со години наназад и каде во попладневните и ноќните часови се врши палење на отпад.

**Депонии на територија на Град Скопје кои редовно се контролираат во смисол на палење на отпад и др. и со тоа влијаат на загадувањето на воздухот:**

- Лева и десна страна  на Реката Вардар –Сарај
- Езеро Треска
- Десна страна на Реката  Треска- Сарај
- Лева и десна страна  на Реката Лепенец  с.Бардовци, с.Ново Село, Волково и с.Орман
- Депонија позади хотел Александар Палас
- Депонија помеѓу населба Визбегово и Шуто Оризари
- Депонија на последна 57 на паркинг простор- Гробишта Бутел
- Депонија на последна 19 на улицата покрај Гробишта Бутел
- Депонија на патот за Теферич
- Лева и десна страна  на р.Вардар кај железен мост- с. Горно  Лисиче.

## Комунални редари

Во месеците  9/10/11/ 2018 година Одделението за комунални редари ги изврши следните активности:

- Во координирана акција со МВР, пазарна инспекција веќе шести месец континуирано се спроведува дежурство на Бит Пазар секој работен ден и викенди од 8.00-14.30 часот од каде се остранети дивите продавачи од булеварот пред пазарот и дуќаните. При тоа е констатирано слабо присуство на припадници на МВР и отежната комуникација односно ги нема полициските патроли на терен.
- Вооведена е втора смена на комунални инспектор заедно со комунални редари на улица Македонија и Плоштад Македонија.

- Во координирана акција заедно со Еко патрола од комунална хигиена е спроведено дежурство од 8.30 до 15.30 часот на најкритичните точки низ сите општини на Градот Скопје.
- Исто така во координирани акции се спроведува викенд дежурство на комуналните редари на град Скопје на Вардариште, градскиот парк на повеќе локации каде граѓаните првично се опоменувани, а некои и казнети за сторен прекршок по законот за јавна чистота.
- Тековни 24 часовни дежурства на дежурниот телефонски број 193.

Следува табеларен приказ на издадени акти согласно Законот за јавна чистота и Законот за комунални дејности :

| Ред. бр. | Име на акт | Сеп. | Сеп. | Зголемување во % | Окт. | Окт. | Зголемување во % | Ное. | Ное. | Зголемување во % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2017 | 2018 | | 2017 | 2018 | | 2017 | 2018 | |
| 1 | Записник за извршена контрола при сторен прекршок | 89 | 132 | 48 | 68 | 137 | 101 | 139 | 153 | 10 |
| 2 | Мандатен платен налог | 89 | 132 | 48 | 68 | 137 | 101 | 139 | 153 | 10 |
| 3 | Поднесени барања до извршител | 21 | 31 | 48 | 21 | 40 | 90 | 35 | 22 | -63 |
| 4 | Пратени за одработување на општо корисна работа | 70 | 93 | 33 | 45 | 113 | 151 | 105 | 121 | 15 |
| 5 | Опомени | 89 | 190 | 113 | 68 | 220 | 224 | 139 | 270 | 94 |

Од табелата може да се увиди дека имаме зголемување на мандатни платни налози како и на опоменати граѓани во однос на истите месеци во 2017 год. Тоа се должи на зголемените контроли и дежурства. Акцент беше ставен и на подземни контејнери во централното градско подрачје.

Со почит,
Пом. Раководител
М-р Весна Огненовска Попов

Раководител на сектор
М-р Мирослав Богдановски